Prostitucija (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 19

Do Republika Makedonija
Prof.d-r Oliver Ba~anovi] i Univerzitet ,,Sv. Kliment
Vesna Stojkovska Ohridski" - Bitola
Policiska Akademija
S k o p j e
SEMINARSKA RABOTA
Predmet:
KRIMINOLOGIJA
Tema:
PROSTITUCIJATA KAKO SOCIO-PATOLO{KA POJAVA
I NEJZINATA POVRZANOST SO KRIMINALITETOT I NEKOI KARAKTERISTIKI NA PROSTITUCIJATA
VO REPUBLIKA MAKEDONIJA
Data: Izgotvil:
Negotino Dosie br. 210/04

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Немоќта на општеството и неговите институции да ја спречи, сузбие и отстрани проституцијата како социопатолошка појава, проблем и облик на девијантно поведение, во литературата како и во секојдневниот живот се изразува преку одредницата “НАЈСТАР ЗАНАЕТ“. Проституцијата претставува општествена негативна појава што го следи општеството во сите фази на неговиот развој. Со овој поим како да се сака да се одреди историската димензија и континуитет на нејзиниот развој, променливост на облиците преку кој се манифестира, напостојаноста на факторите што ја условуваат и да упати кон можните насоки на проучување, разгледување и објаснување пред се како општествена појава со негативен општествен предзнак. Во историска смисла проституцијата се одредува како најстара социопатолошка појава, за која точката време на настанување како општествена услуга не се знае и тешко може да се одреди, но и таквото одредување не може да се прифати бидејќи, во секоја фаза од својот развој општеството се сретнува со неа и се занимава со неа на нов или стар начин. Проститу-цијата предизвикувала најразлични општествени реакции во чија основа е постојаното социјално отфрлување на жената која се занимава со проституција. Тоа доаѓа оттаму што проституцијата претставува општествена девијација во врска со сексуалното однесување на луѓето. Одредувањето на проституцијата како “најстар занает“ се врзува и со фактот што проституцијата низ векови била основен изговор за егзистенција на голем број жени. Таа се јавува како непосреден продукт на одредени класно детерминирани општествено – економски односи и менувајќи ги облиците и формите низ кои се манифестира во согласност со тие односи. На проституцијата се надоврзуваат голем број професии, занимања, лешинари кои настојуваат најбрутално да ја искористат за свои цели и стекнување на материјална корист и блага. Неможноста односно немоќта на жената што објективно мора да се проституира, настојуваат најбезобзирно да ја искористат: државата (која во името на контролата над оваа појава остваруваат приходи за државната каса), црквата (ја искористува проституцијата во еден временски период на така наречената

“храмска проституцијата“), криминалните банди и групи (кои создаваат посебни организации за искористување на проституцијата), хотелиерите и станодавците, таксистите и трговците со различни стоки, особено со дрога, криминалците, макроата и заштитниците на проститутките. Поинаку речено, околу проституцијата се собира целокупниот општествен неморал и срам.
Во времето кога општеството се поделува на класи, на одреден степен од развојот на производните сили и продукционите односи, на поробувачи и поробени, експлоататори, жената како општествено битие паѓа во двојно ропство што и го наметна владеачкиот класен систем, но и под ропството на мажот кој во сите односи воспоствува доминација над неа.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com